01-238/1
30.07. 24



# *ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈПЕД СТРУМИЦА–ГАС ЗА ПЕРИОД од I – VI месец 2024 год*

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЕНЕРГЕТСКИ ДЕЈНОСТИ

СТРУМИЦА-ГАС

СТРУМИЦА

Јули, 2024

**Општи информации**

Јавното претпријатие за енергетски дејности "СТРУМИЦА-ГАС" – Струмица, ул. 24ти Октомври бр. 2 е основано со одлука на Советот на општина Струмица на седницата одржана 26.04.2010 година, со една единствена цел да ја отпочне и заврши гасификацијата на Струмица. Во одлуката за основање на истото како главни дејности од јавен интерес се наведени

- дистрибуција на природен гас;
- управување со системмот за дистрибуција на природен гас;
- снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас;
- производство на топлинска енергија;
- дистрибуција на топлинска енергија;
- снабдување со топлинска енергија;
- дистрибуција на геотермална енергија;
- снабдување со геотермална енергија и
- производство на енергија од обновливи извори.

Извештај за работењето

Работата во Јавното претпријатие за енергетски дејности "СТРУМИЦА-ГАС" – Струмица во првиот квартал од 2024 година (Јануари – Март) се одвиваше во согласност програмата за работа за 2024 година.

Снабдувањето со природен гас на потрошувачите приклучени на гасоводниот систем се одвиваше нормално и без никакви проблеми.

Секојдневно се следеше потрошувачката на природен гас, работата на декомпресорската станица заедно со сите пропратни уреди, се асистираше при истоварувањето на полните и втоварувањето на празните МАТ модули од камионот на платформите за истовар.

Се вршеа редовни контроли на мерно регулаторните станици кај приклучените потрошувачи на природен гас, како и посети на истите, при кои посети се водеа

разговори со корисниците за нивното искуство и им се помагаше со совети за побезбедно и поекономично користење на уредите за природен гас.

ЈПЕД Струмица-Гас Струмица за периодот од 01.01.2024 до 31.03.2024 година има продадено вкупно 328.159 Nm3, односно 3.515.444 kWh природен гас .

И покрај фактот што просечната цена на природниот гас во овој пресметковен период е значително намалена за 50 % во однос на цените во време на енергетската криза и е на ниво од пред почетокот на енергетската криза во Декември 2021 година, потрошувачката на природниот гас поради енормно високите температури за овој период сеуште не е на нивото пред да настапи кризата, но сепак забележлив е тренд на зголемување.

Дел од домаќинствата кои целосно ја прекинаа потрошувачката во периодот на енергетска криза сега повторно го користат гасот како енергенс .

По завршувањето на грејната сезона во која што потрошувачката на гас е најголема беа проверани инсталираните мерно регулаторни станици на јавните институции и поголемите потрошувачи.Притоа се вршеа редовни контроли и проверка на нашата инсталирана опрема и се вршеше редовна дистрибуција и снабдување со природен гас на домаќинствата и стопанските објекти кои што го користат истиот за технолошки потреби.

Во месец Јуни се изврши изградба на 2 (два) приклучоци на стопански објекти на ул.Благој Јанков Мучето бр.44 и на ул.Агроберза бр.11.

ЈПЕД Струмица-Гас Струмица за периодот од 01.01.2024 до 30.06.2024 година има продадено вкупно 409.370 Nm3, односно 4.386.320 kWh природен гас .

| ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈПЕД СТРУМИЦА-ГАС СТРУМИЦА ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2024 ДО 30.06.2024 | | | |
|---|---|---|---|
| | Опис | | |
| | **1. ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | | 23.058.707,00 ден. |
| 1.1 | Приходи од субвенции | 3.000.000,00 ден. | |
| 1.2 | Приходи од продажба на гас | 19.119.280,00 ден. | |
| 1.3 | Приходи од приклучоци | 637.857,00 ден. | |
| 1.4 | Приходи врз основа на камати од работењето | 301.570,00 ден. | |
| | **2. РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | | 23.193.334,00 ден. |
| | **2.1 Материјални трошоци** | 19.302.213,00 ден. | |
| 2.1.1 | Потрошен канцелариски материјал | | 13.072,00 |
| 2.1.2 | Потрошен помошен материјал ( антифриз, ланец, катанец и сл) | | 3.771,00 |
| 2.1.3 | Потрошен материјал(средства за чистење) | | 13.287,00 ден |
| 2.1.4 | Трошоци за гориво за генератор | | 7.487,00 ден |
| 2.1.5 | Трошоци за електрична енергија | | 62.088,00 ден |
| 2.1.6 | Трошоци за потрошени резервни делови за службено возило | | 19.120,00 ден |
| 2.1.7 | Трошоци за природен гас за сопствени потреби | | 164.428,00 ден |
| 2.1.8 | Трошоци за гориво за службено возило | | 56.407,00 ден |
| 2.1.9 | Трошоци за моторно масло за службено возило | | 3.600,00 ден |
| 2.1.10 | Набавна вредност на продаден гас | | 17.976.543,00 ден |
| 2.1.11 | Трошоци за ПТТ-услуги | | 58.253,00 ден |
| 2.1.12 | Трошоци за услуги за обезбедување на декомпресиска станица | | 818.740,00 ден |
| 2.1.13 | Трошоци за услуги за сервис и одржување на моторно службено возило | | 10.620,00 ден |
| 2.1.14 | Трошоци за комунални услуги | | 22.993,00 ден |
| 2.1.15 | Трошоци за останати услуги ( ИТ услуги, регистрација за службено моторно возило, вагање на гас, сервисирање принтер, контрола и полнење на ПП апарати) | | 37.259,00 ден |
| 2.1.16 | Трошоци за услуги за огласување на тендери во електронски и печатени медиуми | | 34.545,00 ден |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **2.2 Нематеријални трошоци** | 1.096.174,00 ден. | |
| 2.2.1 | Трошоци за службено патување (гориво патарини и паркинг) | | 15.640,00 ден. |
| 2.2.2 | Трошоци за надомест за стручно усовршување | | 6.000,00 ден. |
| 2.2.3 | Трошоци за надомест на членови на УО и НО | | 93.332,00 ден. |
| 2.2.4 | Репрезентативни трошоци за угостителски услуги | | 37.628,00 ден. |
| 2.2.5 | Репрезентативни трошоци (честитки , тетратки, календари и пенкала) | | 23.440,00 ден. |
| 2.2.6 | Трошоци за осигурување на службено моторно возило | | 6.178,00 ден. |
| 2.2.7 | Трошоци за банкарска провизија | | 31.157,00 ден. |
| 2.2.8 | Трошоци за централен регистар | | 2.404,00 ден. |
| 2.2.9 | Трошоци за камати по основ на кредит | | 651.149,00 ден. |
| 2.2.10 | Трошоци за камати од работењето | | 407,00 ден. |
| 2.2.11 | Трошоци за надомест за Регулаторна комисија | | 19.927,00 ден. |
| 2.2.12 | Трошоци за комунални такси,административни такси и градежни такси | | 4.466,00 ден. |
| 2.2.13 | Други нематеријални трошоци ( трошоци за сертификати-токени, стручно образование) | | 10.996,00 ден. |
| 2.2.14 | Трошоци за загуби од гас( при полнење на ново изградена мрежа ,од испуштање на гас во воздух при проверка на МРС,проверка и промена на филтри) | | 193.450,00 ден. |
| | **2.3 Бруто Плата** | 2.794.947,00 ден. | |
| 2.3.1 | Трошоци за бруто плата | | 2.583.838,00 ден. |
| 2.3.2 | Регрес за годишен одмор | | 211.109,00 ден. |

Остварени резултати за период од 01.01.2024-30.06.2024 година за работењето на ЈПЕД Струмица-Гас Струмица.

За извештајниот период ЈПЕД Струмица-Гас Струмица има остварено приходи во износ од 23.058.707,00 ден.

Во истиот извештаен период се направени вкупни трошоци во износ од 23.193.334,00 ден. и тоа:

1. Материјални трошоци 19.302.213,00 ден.
2. Нематеријални трошоци 1.096.174,00 ден.
3. Трошоци за бруто плата 2.794.947,00 ден.

ЈПЕД „Струмица – Гас“
Струмица

СТРУМИЦА-ГАС